| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | УП за градска четврт Ј03, Блок 07, Општина Карпош - Скопје |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДПТУ ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ Сашко Иванов ДООЕЛ - Битола |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Карпош - Скопје |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Натали Ташевска Гулевска, диа |
| Назив на работното место | Дипломиран инженер архитект - планер потписник |
| Контакт податоци за лицето | 070/ 395379 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Планскиот документ кој се донесува има за цел да се изработи ДУП за градска четврт Ј03, Блок 07, Општина Карпош согласно ГУП на град Скопје 2012-2022 год, рационално користење на земјиштето, дефинирање и оформување на урбанистички парцели, препарцелација, со што се решаваат имотно правните работи. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| При изработката на ДУП за градска четврт Ј03, Блок 07, Општина Карпош - Скопје во целост се запазени границите на плански опфат и урбанистички параметри зададени во ГУП на град Скопје 2012-2022, одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012 година и со ДУП за Градска четврт Ј03, (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012 г.) |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| не |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| не |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| ДУП за градска четврт Ј 03, Блок 07 - Општина Карпош, Скопје е урбанистички план кој се донесува за плански опфат за кој е донесен генерален урбанистички план и се изработува во една фаза како предлог план.<br>Деталниот урбанистички план како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирање на организирани простори согласно законската регулатива, одредување на намени на градежни парцели со компатибилни класи на намена на основната класа на намена која е дефинирана со законска регулатива, планирање на површини за градба на објекти со нивна катност и максимална висина до венец, имајќи ги во предвид Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 , 64/18 и 168/18) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), приоритетните погодности |

| |
|---|
| и ограничувања преку анализата на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со сообраќајни и инфраструктурни решенија.<br>Просторот кој припаѓа на градска четврт Ј 03, Блок 07 бил тема на планирање на следните плански документи од повисоко ниво:<br>• ГУП на Град Скопје (2012 - 2022 год.) (Одлука бр. 07-5068/1 од 03.12.2012); и<br>• Регулациски план на ГУП на град Скопје (2012-2022) за четврт Ј 03 (Одлука бр.27-6443/1 од 18.07.2018) |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2018-2023 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 5 години |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Границата на блокот Ј03.07 е оформена по осовина на улична мрежа и тоа од северна страна со сервисна улица „С1 - ул. Козле“, на западна страна со сервисна улица „С8 - ул.Трнодол“ и сервисна улица „С6-А“, на јужна страна со Новопланирана собирна улица „Јужна обиколница - Водно“ и на исток со сервисна улица „С4 – ул. Леринска“ и сервисна улица „С5 ул. Ловќенска-1“<br>Површината на блокот во регулационите линии дефинирани со урбанистичкиот план за четврт изнесува 15,07ха.<br>Површината во границите на планскиот опфат изнесува 16,03ха. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Подрачјето на градска четврт Ј 03, Блок 07 во Општина Карпош се наоѓа во градежниот реон на град Скопје и до сега било третирно со следните плански документи од повисоко ниво, односно, се наоѓа во планските опфати на следните урбанистички документации:<br>• ГУП на Град Скопје (2002 - 2022 год.) (Одлука бр. 07-5068/1 од 03.12.2012)<br>• Регулациски план на ГУП на град Скопје за четврт Ј 03, (Одлука бр.07-516/1 од 26.01.2017) каде што се планирани следните наменски зони:<br>- А - домување;<br>- Д2 - заштитно зеленило;<br>- површини под секундарна сообраќајна инфраструктура. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | нема |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | континуирано влијание но не и зголемено врз животната средина. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Ризиците се предвидени и за истите се предвидуваат мерки за заштита. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | На површина од планскиот опфат се предвидува број на жители N= 2029. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Со планскиот документ кој што се донесува се предвидува позитивен ефект врз економските и социјалните фактори. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ: | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | нема |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | нема |

| | |
|---|---|
| Интензивна употреба на земјиштето | нема |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | нема |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Планскиот документ кој ќе се спроведува има законска рамка и со него се планираат локациските услови (оформување на урбанистичка и архитектонска целина). | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Согласно ГУП на Град Скопје од 2012-2022 година, во планскиот опфат, планирана е наменска зона А в о к ојa с е д озволени класи н а н амени о д следните групи на класи н а<br>намени:<br>• А - домување;<br>• Д2 – заштитно зеленило;<br>• површини под секундарна сообраќајна инфраструктура,<br>Согласно дефинираните намени, наведените услови од Генералниот урбанистички план за<br>град Скопје, постоечката состојба и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко<br>планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18) во границите на планскиот опфат дефинирани се градежни парцели и јавно<br>земјиште со следните поединечни основни класи намени:<br>• А - домување;<br>А1-домување во станбени куќи<br>А2 – домување во станбени згради<br>• Д – зеленило и рекреација<br>- Д1 – парковско зеленило<br>- Д2 – заштитно зеленило<br>• Е – инфраструктура<br>- Е1 – комунална инфраструктура<br>- Е2 – комунална супраструктура (трафостаници до 20кВ и бензинска пумпна станица). | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Со планскиот документ дополнително не се оптеретува животната средина бидејќи за истиот се предвидуваат мерки и активности за намалувањето на влијанието врз животната средина. | |

<table>
<tr><td colspan="3">Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>нема</td></tr>
<tr><td colspan="3">Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ кој се донесува ги следи одредбите на Генералниот урбанистички план.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>нема</td></tr>
<tr><td colspan="3">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>не се спроведува стратешка оценка на планскиот документ</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td colspan="2">Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник на општина Карпош- Стефан Богоев</td></tr>
<tr><td colspan="2">Датум 22.08.2019 год.<br>Место Скопје</td><td>М.П.</td></tr>
</table>